РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0901-242/4
29.06.2026 год.

Република Северна Македонија

Општина Свети Николе

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), во врска со член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 29/25, 74/25 и 124/25),согласно Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Свети Николе бр.0901-218/3 од 12.09.2018 година... и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во општинската администрација на Општина Свети Николе бр. 0901-207/3 од 11.05.2026 година, Општина Свети Николе, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2026**
**за вработување на помошно-техничко лице во Општина Свети Николе**

**Општина Свети Николе објавува јавен оглас за вработување на помошно- техничко лице во редовен работен однос на неопределено време во Општина Свети Николе за следново работно место:**

1. **УПР 04 05 А03 004 Хигиеничар,Одделение за нормативно-правни работи, Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности – 1(еден) извршител**

Општите услови, кои треба да ги исполнува кандидатот се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови, кои треба да ги исполнува кандидатот се:

- стручни квалификации: основно образование;
- работно искуство: со или без работно искуство во струката;

Работното време е организирано во смени, работа во две смени од 06:00 часот до 12:00 часот и од 12:00 часот до 20:00 часот, односно 8 часа дневно, 40 часа неделно од понеделник до петок

Паричен нето износ на плата е 31.915,00 денари.

Пријавата за вработување може да се превземе од веб страната на Општина Свети Николе www.svetinikole.gov.mk и кон пријавата се поднесуваат и следните документи

- Доказ дека е државјанин на Република Македонија( Република Северна Македонија),
- Доказ дека има општа здравствена способност за работното место
- Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
- Уверение /диплома/ Свидетелства за завршен степен на образование,
- Доказ за работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на РМ како работен стаж.

Рокот за пријавување изнесува 3 работни дена од денот на објавување на јавниот оглас во дневниот печат. Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите треба да се достават во хартиена форма по пошта, на адреса: Општина Свети Николе, улица „Плоштад Илинден“ бр.12, 2220 Свети Николе или лично во архивата на општина Свети Николе (со назнака за **Јавен оглас за вработување на помошно-техничко лица во Општина Свети Николе во редовен работен однос на неопределено време**). Кандидатите се должни сите докази да ги достават во оригинал или копија заверени на Нотар.

Контакт: Општина Свети Николе ул. Плоштад Илинден бр.12 Свети Николе тел 032/444-169- Маринела Ристова Наумова, Советник за мотивација информативен систем за човечки ресурси и персонална евиденција, Одделение за управување со човечки ресурси.

Постапката ќе се спроведе во две фази: Административна селексија-проверка на пријава и докази и Интервју .

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
Градоначалник

Дејан Владев